# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2285.**

Врз основа на член 24 став (1) од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија", бр 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 јули 2022 година, донесе

## УРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИСИНА НА НАДОМЕСТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ШТО СЕ ПРИВАТИЗИРА, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 81/22), во Прегледот за висина на надоместот за приватизација на градежното земјиште, во Реоните II и III, Зона - Вон Централно подрачје, Подзона В - колективно домување неизградено, износот „4.380,00", се заменува со износот „13.140,00".

Член 2

Оваа уредба влегува наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-5347/1
20 јули 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi**, с.р.

---

**2286.**

Врз основа на член 20 став (3) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија", бр.157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 јули 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО ЗА 2021 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2021 година, бр.02-1392/1 од 26.4.2022 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-3778/1
20 јули 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi**, с.р.

---

**2287.**

Врз основа на член 40 став 1 и став 2 алинеа 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 20 јули 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ ВО ЗАКУП НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука недвижните ствари: затворена спортска сала, број на зграда 8, намена на зграда и други објекти В1, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, внатрешна површина од 1456 м2, лоцирана на КП бр. 522, КО Идризово ИЛ.бр. 1085 и стрелиште, број на зграда 28, намена на зграда и други објекти Д3 – 8, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т, отворена површина 3691 м2, лоцирано на КП бр. 522, КО Идризово, ИЛ бр. 1084, сопственост на Република Северна Македонија, досегашен корисник Министерството за внатрешни работи се даваат во закуп со непосредна спогодба на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување Скопје, со услов за користење на недвижните ствари за научни, културни и образовни потреби.

Член 2

Недвижните ствари од членот 1 од оваа одлука се даваат во закуп на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување - Скопје за време од пет години од денот на влегување во сила на оваа одлука, со месечна закупнина и тоа:

- затворена спортска сала - 6.000,00 денари;
- стрелиште - 4.000,00 денари,

или во вкупен износ од 10.000,00 денари.